

# Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија

Студијата ја подготви експертскиот тим на Алгоритам Центар во соработка со тимот на Бирото за развој на образованието.

Дизајн: Кома лаб.

Печат: Винснет Графика

Тираж: 10.500 примероци

# Вовед

## Училишната средина е по мерка на ученикот, таа е високобезбедна и заштитена, во неа нема вознемирување, насилство и злоупотреба на деца. [1]

Насилството врз децата е еден од најсериозните проблеми кои го загрозуваат нивниот развој, здравјето и добросостојбата, основните права, достоинството и можат да го доведат во прашање детскиот живот. Се случува насекаде, во домот, во училиштата или во другите институции за детска грижа, на улиците. Голем дел од насилството врз децата останува скриено. Тие се плашат да го пријават заради стравот и поврзаноста со насилникот или насилството воопшто не го сметаат за нешто погрешно или невообичано, туку како оправдана и неопходна казна за своите постапки. Децата жртви на насилство може да се чувствуваат виновни и да веруваат дека го заслужиле насилството. Низ историјата, а и денес во различни култури физичкото казнување било и е еден од начините на дисциплинирање и воспитување на децата како во семејствата, така и во училиштата [2].

Безбедноста и чувството на сигурност на децата во училиште, како основни човекови потреби и права, можат сериозно да бидат доведени во прашање како последица на раните искуства на насилно однесување. Безбедноста на децата во училиштето претставува основна претпоставка за нивното чувство на припадност на заедницата, како и за атмосферата на доверба и соработка. Одговорноста на возрасните за креирање на што е можно подобри услови за безбедно растење и развој на децата се потврдуваат во Конвенцијата за правата на децата на Обединетите нации [3]. Имено, во членот 19 став 1 се одредува одговорноста

на државите потписнички *„да ги преземат сите законодавни и административни, социјални и образовни мерки поради заштита на детето од сите облици на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреби, занемарувања или немарен однос, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба”.* Понатаму, во членот 28 став 2 се вели дека *„Државите членки ги преземаат сите соодветни мерки за дисциплината во училиштата да може да се спроведува на начин кој е во согласност со човековото достоинство и со оваа конвенција”.*

Оттука и одговорноста на училишната заедница, како целина, да покаже континуирана посветеност, јасна политика на грижа за унапредување на состојбите низ која ќе се градат односите, паралелно со регулативите кон насилното однесување. Појавата на насилничко однесување меѓу учениците во нашите училишта мора да добие приоритет во развивањето на чувствителноста за проблемот меѓу сите членови не само на училишната заедница, туку и пошироко, како проблем кој директно влијае врз детската слика за себе, врз чувството на сигурност, врз прифатеноста и, конечно, врз ризикот од нездрави избори и однесување.

Досегашните искуства покажуваат дека во училиштата во Македонија проблемот со насилното однесување се игнорира или решението најчесто се бара во ангажирање на професионални агенции за обезбедување кои го „чуваат” училиштето [4]. Бројот на инциденти и тепачки можеби се намалува на овој начин, но сепак тоа е далеку од решавање на проблемот со останатите видови насилно однесување. Во третирањето на проблемот важно е вклучувањето на сите членови од заедницата, а особено на младите, во развојот и поставувањето на механизми за решавање на проблемот со насилството, преку континуирано намалување на неговите димензии, откривање на причините и подобро справување со последиците. Знаењата добиени со истражувањата на состојбите и нивното поврзување во акции осмислени и реализирани од децата заедно со возрасните, можат да се употребат за развивање политика и ефективни интервенции за намалување на проблемот со насилството во училиштата.

# Резултати од анализи и истражувања

**Во Студијата на Обединетите нации за насилството кон децата** [5] посочени се три вида на насилно однесување кои се случуваат во училиштата: физичко казнување од наставниците, како и навредување и понижување на учениците, малтретирање (физичко и психичко насилство помеѓу учениците) и сексуално и родово насилство. Податоците во од студијата покажуваат дека телесното казнување е секојдневие во училиштата, односно од 223 земји учеснички во студијата во 106 нема закони кои го забрануваат телесното казнување во училиштата. Телесното казнување е почесто и посурово кон децата кои припаѓаат на групи кои се подложени на стигма и дискриминација во целото општество. Вообичаено момчињата почесто и посурово се физички казнувани отколку девојчињата. Ваквиот вид на насилно дисциплинирање на учениците ги учи на страв и дека насилството е добар начин за справување со конфликтите, но не ги учи на вредности како што се толеранција, праведност...

Во однос на малтретирањето податоците покажуваат дека од 20% до 60% од учениците биле малтретирани во училиште изминатиот месец и тоа најчесто станува збор за вербално малтретирање-нарекување со погрдни имиња и навредување.

Според добиените податоци девојчињата се особено ранлива категорија особено во однос на сексуалното вознемирување и злоупотреба. Постои зголемена загриженост кај родителите за девојчињата кои подолго патуваат од дома до училиште. Во некои земји постои практика заради стравот од сексуална злоупотреба и силување девојчињата да ги напуштаат училиштата, односно родителите практикуваат да го прекинат нивното образование.

Родово основаното насилство произлегува од родовата нееднаквост и социјално конструираните родови улоги. Сексуалното насилство вклучувајќи го и сексуалното вознемирување насочено кон девојчињата може да биде мотивирано од желбата да се казнат или омаловажуваат девојчињата заради нивниот пол или сексуалност, или заради сексуален интерес или храброст. Овој вид на насилство се користи за заплашување, омаловажување и дискриминација. Сексуалното вознемирување е присутно во училиштата насекаде низ светот во различен степен, но најчесто е во училиштата каде што преовладуваат и други форми на насилно однесување. Наставниците често гледаат на сексуалното вознемирување, најчесто на девојчињата, како на нормален дел од училишниот живот и затоа го ингнорираат.

**Истражувањето спроведено во рамките на проектот Училиште по мерка на детето (димензија Здравје, безбедност и заштита) [1]** се однесува на законската рамка, односно политиката и процедурите за здравје, безбедност и заштита во училиштата во Република Македонија. Податоците добиени од четири основни училишта во нашата земја покажуваат дека:

- во повеќето училишта нема посебна пишана политика за сите форми на физичко насилство;
- во ниту едно училиште не се прави разлика помеѓу насилство (малтретирање, вознемирување, тепање и занемарување) и телесно казнување и, главно, наставниците се повикуваат на Статутот во кој буквално се цитира Законот за основно образование според кој е забрането само телесно казнување, додека другите видови на физичко насилство воопшто не се споменуваат;
- со Законот за работни односи се забранува насилничко однесување од страна на наставниците;
- само во некои училишта има посебни правилници кои регулираат вакви видови на однесување има само во некои училишта и тоа *Кодекс на однесување на наставниците*, со кој се регулира однесувањето на наставникот, *Кодекс на однесување на учениците,* со кој се регулира однесувањето на учениците и нивните меѓусебни односи во смисла на ненасилство, како и *Правилник за куќен ред* со кој се регулираат односите меѓу учениците, наставниците и вработените во смисла на ненасилство;
- во некои училишта каде нема пишани кодекси, односите меѓу учениците и наставниците се регулираат со читање на правилата на однесување на одделенските часови, на наставниците на наставнички совет, а потоа ваквата информација се става на огласна табла, за да биде достапна за сите;
- дисциплински мерки за санкционирање на насилничко однесување на учениците се пропишани со Правилникот за педагошки мерки, а за наставниците во Законот за работни односи; мерките кон учениците се донесуваат постапно (опомена, преместување во друга паралелка и преместување во друго училиште) со што се дава можност ученикот да се корегира;
- нема податоци дека во последните 5 години е казнет некој наставник поради насилничко однесување, освен во едно училиште од каде е отстранета една наставничка;
- во две училишта се казнети тројца ученици со преместување во друго училиште.

Подолу се сумирани податоците добиени од **Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст во Р. Македонија** [6] од 2006 година на примерок од 4 147 ученици на 11, 13 и 15 - годишна возраст.

Деца кои понекогаш биле малтретирани на училиште:

- 7% од девојчињата и 14% од момчињата на 11 и 13 - годишна возраст;
- 5% девојчиња и 8% момчиња на 15 - годишна возраст

Деца кои понекогаш учествувале во малтретирање:

- 7% од девојчињата и 13% од момчињата на 11- годишна возраст;
- 6% девојчиња и 21% момчиња на 13 - годишна возраст;
- 7% од девојчињата и 20% од момчињата. на 15 - годишна возраст.

Во однос на учеството во тепачки истражувањето покажува висок процент на ученици 15% за девојчињата и 40% за момчињата кои учествувале во тепачки.
Овој податок ја сместува Република Македонија на петто место во однос на останатите 46 земји учеснички во Студијата. Учениците кои учествуваат во тепачки најверојатно пушат и се опиваат, се чувствуваат осамени, неприфатени, несигурни во себе и нервозни, покажуваат податоците од Студијата.
Висок процент на ученици пријавуваат дека носеле оружје изминатите 30 дена, и тоа момчињата значително повеќе од девојчињата. Процентот на ученици кои носат оружје е најголем на 15 - годишна возраст: 12% од момчињата етнички Македонци и 22% за момчињата етнички Албанци.

# Истражување за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија во учебната 2008/2009 година

Податоците од досегашните истражувања се однесуваат на одредени аспекти на насилното однесување и на постоечките регулативи поврзани со насилното однесување во училиштата. Ова истражување прави длабинска анализа на актуелната состојба во училиштата преку идентификација на различните форми на насилство, преваленција на формите на насилство, фреквренцијата, времето, местото каде што се случува насилното однесување, причините за насилното однесување и релациите на кои се случува насилно однесување наставник-ученик, момче-девојче, меѓуетничко насилство итн.

Со истражувањето беа опфатени вкупно 1 240 седмоодеденци од основните училишта во нашата земја. При изборот на училиштата посебно е водено сметка за застапеноста на два водечки критеиуми: местоположбата на училиштата и на јазикот на кој се одвива наставата. Така, во финалниот примерок се влезени училишта од централното подрачје на градот Скопје, како и од неговите попериферните општини, училишта од другите градови (и од западниот и од источниот дел на земјата) и училишта лоцирани на село. Истовремено, во примерокот се застапени и училишта што се еднојазични (со македонски или албански наставен јазик) и најмалку двојазични (со македонски и албански или со македонски, албански и турски/босански наставен јазик).

За потребите на истражувањето беше изработен прашалник кој бараше од учениците да се искажат за тоа како ја разбираат/дефинираат појавата на насилно однесување во училиштето и што предлагаат за намалување/спречување на насилното однесување.

# Резултати

## Дефиниција на насилството

Светската здравствена организација го дефинира насилството како ,,намерно користење на физичка сила или моќ против себе или некое друго лице, или против некоја група или заедница, кое води или може да доведе до повреда, смрт, психолошка повреда, неразвиеност или депривација» [7]. Оваа и слични дефиниции го определуваат насилството од аспект на примена на физичка сила што може да се третира како тесно дефинирање на поимот

кој и во секојдневиниот говор укажува на поширока сфера на однесувања, делувања и реакции кои се однесуваат на вербалните, психолошките и социолошките аспекти на насилното однесување. Една од дефинициите која ги зема предвид и овие аспекти е дефиницијата на малтретирањето како еден вид на насилно однесување. Во меѓународната студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст малтретирањето се објаснува како насилно однесување во кое се потврдува интерперсоналната моќ преку агресија и се дефинира како „негативни физички или вербални акции кои имаат непријателска намера, предизвикуваат повреда на жртвата, кои се повторуваат и вклучуваат нееднаква моќ меѓу оние кои малтретираат и жртвите." [6]

Во ова истражување насилството го дефинираат децата. Ваквото позиционирање на децата како учесници во дијалогот за разбирање на феноменот и согледување на неговата комплексност ги почитува принципите за партиципативност и промовирање на детското автентично учество.
Детските дефиниции покажуваат дека нивните размислувања опфаќаат голем дел од аспектите важни за опишување и разбирање на проблемот со насилството. Учениците ја посочуваат употребата на физичката, но и на вербалната сила за предизвикување на физичка или психолошка болка, како и за деструкција на материјални добра. Исто така, со наведувањето на пушењето како акт на насилно однесување се посочува на тоа дека насилното однесување не е секогаш насочено кон другите, туку дека понекогаш тоа е поврзано и со повредувањето на самиот себе. Децата знаат дека манипулацијата е насилно однесување и тоа укажува на тоа дека насилството не е само експлицитна употреба на физичка сила, туку може да биде и суптилно поигрување со моќта. Од нивните дефиниции може да се прочита за тоа кои се резултатите од насилното однесување и неговата деструктивна моќ:

- *„Насилство е кога некој те понижува, те малтретира, те тера да правиш некои работи на сила, те третира како да си му роб."*
- *„Насилство е кога наставниците ги тепаат учениците."*
- *„Насилно однесување е што некои деца крадат, пушат и се закануваат на други деца."*
- *„Насилно однесување е на пример кога учениците ги злоупотребуваат наставниците за оценки".*
- *„Насилство е кога ме тераат да пцујам."*
- *„Насилството е закана."*

Некои ученици насилството го опишуваат преку конкретни акти на физичко насилство како што се кршење, буткање, удирање, носење оружје. Покрај физичките аспекти на насилното однесување децата го воочуваат и влијанието на зборот како „оружје“ за нанесување психичка повреда преку навредување, вознемирување, заканување:

- *„Насилно однесување е кога некој ме навредува, ме бутка и ми вика на глас.“*
- *„Насилно однесување е кога мачиме некое дете, го удираме, му кажуваме вулгарни зборови.“*
- *„Насилно однесување е кога некој од наставниците или учениците се заканува на некое дете дека ќе го удри, а по заканувањето тоа и го прави.“*
- *„Насилно однесување е кршењето столчиња, клупи, врати, прозорци.“*
- *„Насилство е кога се караме со другарите, кога носиме нож или оружје во школо.“*

Децата кажуваат дека насилството е резултат на разликите и нееднаквите позиции на моќ – постарите ги малтретираат помалите, посилните послабите, момчињата девојчињата, наставниците учениците. Насилството е дискриминација и манипулација:

- *„Насилство е кога посилниот го омаловажува, го малтретира послабиот.“*
- *„Насилно однесување е кога наставниците ги тепаат учениците.“*
- *„Насилство е кога секој ден машките од моето одделение ме задеваат и ме тепаат, како јас да сум канта за отпадоци и ме нервира што педагогот не презема мерка со учениците кои се задеваат.“*
- *„Заканување на децата за пари, тепање на децата што се помали и од други националности.“*

# Видови насилно однесување

Децата одговараа на прашањето за тоа колку често забележале одредени видови на насилно однесување во своето училиште (табела бр. 1). Од одговорите може да се види дека најчести видови на насилно однесување во училиштата се различните форми на малтретирање – навредување и исмевање меѓу учениците, потоа физичките пресметки и уништувањето на училишниот инвентар.

Насилното однесување на релација наставник-ученик, исто така е застапено, пред сè во форма на навредување на учениците, но голем процент на ученици (10%) изјавиле дека забележуваат и физичко казнување на ученици барем еднаш во неделата.
Висок е процентот и на ученици кои забележале носење нож во училиште, стап/палка и пиштол.

**Табела бр. 1. Форми на насилно однесување кои учениците ги забележале во своите училишта најмалку еднаш седмично (%)**

| | |
|---|---|
| Навредување, исмевање меѓу учениците | 36 |
| Тепачки меѓу учениците | 29 |
| Тепачки меѓу ученици од различна етничка припадност | 15 |
| Уништување на училишниот инвентар (клупи, столчиња, прозорци, врати) | 15 |
| Навредување на учениците од страна на наставниците | 11 |
| Тепачки со ученици од други училишта | 11 |
| Физичко казнување на учениците од страна на наставниците | 10 |
| Навредување на наставниците од страна на учениците | 9 |
| Заплашување, заканување од надворешни лица | 9 |
| Тепачки меѓу девојчиња и момчиња | 8 |
| Заплашување, заканување врз учениците од страна на наставниците | 8 |
| Носење нож од страна на учениците | 8 |
| Носење стап или палка од страна на учениците | 8 |
| Изнудување (рекетирање) на учениците | 8 |
| Кражби на лични предмети | 6 |
| Заплашување, заканување врз наставниците од страна на учениците | 4 |
| Носење пиштол од страна на учениците | 4 |
| Физичка пресметка врз наставниците од страна на учениците | 4 |

# Кога и каде се случува насилното однесување во училиштето

Учениците одговараа и на прашања за тоа на кои места се случуваат тепачките во училиштето, кога и кои се причините поради кои тие се случуваат.
Според учениците тепачките најчесто се случуваат на оние места каде тие го поминуваат најголемиот дел од слободното време, во училиштниот двор и ходниците, но и во училниците (графикон бр. 1).
Најчесто тепачките се случуваат за време на училишните одмори и периодот на доаѓање или враќање од училиште (графикон бр. 2), кога децата се надвор од надзорот и контролата на возрасните.

Графикон бр. 1. Места на кои најчесто се случуваат тепачките (%)




Графикон бр. 2. Време кога се случуваат тепачките (%)




Најчести причини за тепачките, според учениците, се нетрпеливоста и недостатокот на разбирање на другиот, упатувањето на погрдни пораки, навредувањето, омразата, љубомората (графикон бр. 3.)

Графикон бр.3 Најчести причини за тепачки (%)




# Справување со насилството

Учениците даваа свои предлози за тоа како да се намали насилството во училиштето. Најголем број од идеите се однесуваат на зголемување на контролата и санкциите. Учениците бараат заштита и надзор, ги спомнуваат обезбедувањето и поставувањето на видеокамери, дежурањето во ходниците и дворот (места каде што најчесто се случува насилното однесување), се појавува и идејата за присуство на полицијата. Некои ученици сметаат дека треба да се зголеми казнувањето, да се најдат соодветни мерки за оние кои практикуваат насилство. Исто така, дека треба да се засили дисциплината и контролата од страна на наставниците и родителите. Бројни идеи се однесуваат на мирољубиво и конструктивно решавање на проблемот. Од предлозите на учениците се забележува дека тие имаат потреба од поголема соработка, внимание и разбирање од страна на возрасните, родителите и наставниците. Тие имаат идеали дека треба да се надминат непосакуваните ситуации и чувства - караници, љубомора, завист, провокации, навредување, предрасуди, стереотипи, омраза, преку зголемување на толеранцијата, меѓусебното почитување, трпението, помагањето, љубовта, комуникацијата, дружењето и забавата.

Постојат и идеи кои се насочени кон поделби, во различни училишта или смени, и се однесуваат на насилството помеѓу етнички различните заедници.

На крајот најмал број од учениците наведуваат дека условите во кои учат можат да бидат причина за појава на насилното однесување и бараат подобри услови и организација на наставата.

Приказ на идеите на учениците за тоа како може да се намали насилното однесување во училиштето (поделени во категории):

## 1. Контрола, санкции, обезбедување, дисциплина.

- *Обезбедувањето* да се зголеми, да се подобри, да се постави, да се засили, да си ја врши работата, да го има на врата, во ходниците, во дворот.
- *Мерки* – да има повеќе мерки, казни, санкции, да бидат построги, соодветни мерки, педагошки мерки.
- *Визуелен надзор* - да има камери, надзор, во ходниците, на влезната врата.
- *Бркање од училиште* на проблематичните ученици, што не доаѓаат на училиште, што се тепаат, што не ги почитуваат правилата и законите.
- Посилна, построга *контрола и дисциплина од професорите* на однесувањето на учениците.
- *Забрана за влез* на лица, (ученици) што не учат во училиштето.
- *Полиција* - присуство на полицијата во дворот, училиштето.
- *Контрола* на врата за оружје и др.
- *Дежурни професори* по ходниците, кај тоалетите, на одморите, во дворот...
- *Парична казна* за насилните ученици

## 2. Соработка и разрешување на проблемите

*„Со тепање нема ништо да се реши, туку со разбирање. Нема ефект од тоа што класниот и директорката ги тепаат тие што ќе направат белја."*

*„Треба да се става точна оценка, бидејќи заради поголема оценка на другите ученици, може да дојде до тепачка."*

- Професорите повеќе да соработуваат со учениците, да се зближат со нив, да ги разбираат, да разговараат со нив, да се повнимателни, да се посветени, одговорни, учениците да бидат послободни со нив, да се советуваат со нив.
- Родителите да соработуваат со наставниците, (и) со учениците, да доаѓаат почесто на училиште, да има почесто родителски состаноци, да се вклучат во училишните дискусии, проекти...
- Зголемена контрола и воспитување од родителите, домашна култура, грижа на родителите, родителите да посветуваат повеќе внимание.
- Решавање на проблемите со разговор, советување, компромис, миролубиво, со помирување, разговарање за проблемот.
- Да нема караници, љубомора, завист, провокации, навредување, предрасуди, стереотипи, омраза.
- Толеранција, културно однесување, меѓусебно почитување, трпение, помагање, разбирање на учениците со проблеми.

- Дружење, зближување, љубов, заеднички екскурзии.
- Разговори со стручни лица, советување, соработка со психолог, педагог.
- Да не се бега од часови, да нема изостаноци, да не се брка од часови.
- Да ги слушаме професорите, да не бидеме со лошо друштво.

## 3. Едукација

*„Со повеќе едукативни часови за опасностите од примена на насилство, децата ќе разберат зошто не треба да има насилство и кои се последиците од насилното однесување.“*

*„Треба да се воведат часови на кои ќе се зборува за проблемите кои ги мачат учениците, бидејќи заради тие проблеми настануваат тепачки.“*

- Воведување часови за ненасилно однесување, разговори со стручни лица за проблемите кои ги мачат учениците, дополнителни часови барем еднаш неделно, воведување на нов предмет...
- Проекти, секции.
- Повеќе различни ангажмани - игри, квизови, прошетки.
- Поголема физичка активност, спорт.

## 4. Поделби

*„Да нема ученици од другата етничка припадност, поточно да не учат во ова школо бидејќи тие го нарушуваат училишниот ред, носат ножеви и боксирачи и често ни се закануваат. При една тепачка настрада мој другар при удар со боксирач...“*

- Да не учат заедно децата од различна етничка припадност (да се одвојат во смени или да се изградат нови училишта).

## 5. Услови

*„Ако во училиштата има подобри услови, тогаш учениците ќе се ангажираат со обврски и ќе немаат време за глупости.“*

- Подобро организирани часови.

# Заклучоци

Начинот на кој децата зборуваат за насилството како дел од нивното секојдневие покажува дека тие се свесни за насилното однесување околу себе и за својата улога и вклученост и дека ги разбираат последиците од ова однесување, иако делува дека во секојдневниот живот во училиштата најчестите видови на насилното однесување се третираат како вообичаено и прифатливо однесување, дел од детската игра и нешто низ коешто сите ние сме поминале.

Податоците за тоа колку често се случуваат одредени видови насилно однесување зборуваат за застапеноста на сите видови на насилно однесување во училиштата. Ова може да создаде слика за училиштето како место кое не е доволно безбедно, во кое насилното однесување е секојдневие и тивко одобрен начин за справување со проблемите.

Податоците за тоа каде и кога најчесто се случуваат насилните однесувања се користат како аргумент за дополнителен надзор и дисциплински мерки кои се преземаат со цел „сузбивање" на насилното однесување, притоа стегајќи ги уште повеќе „обрачите" на детската слобода и игра. Така наместо организирано време и услови за играње, дружење и забава во училиштата се вградуваат камери за набљудување или се ангажираат чувари кои го следат и контролираат секое движење на децата. Досегашните искуства со ваквиот начин на дисциплинирање покажуваат дека контролата и надзорот вродуваат секогаш нови форми на отпор, децата секогаш ќе најдат време и место каде што ќе може да се спротиставаат на правилата кои ги ограничуваат и притискаат. На ова се надоврзува и податокот дека најголемиот број на идеи кои се предлагаат за справување со насилството се однесуваат на казнувањето и контролата. Дисциплинирањето и казнувањето се најтрадиционалните начини на справување со непосакуваното однесување на децата. Тоа што е проблематично во врска со овој тип на механизми за справување е што и самите се на некој начин насилство и се надоврзуваат на кругот - насилството секогаш раѓа насилство. Од друга страна овие податоци укажуваат дека децата имаат потреба од заштита од насилното однесување.

Причините кои децата ги наведуваат за појава на насилното однесување покажуваат дека непознавањето, предрасудите и стереотипите за Другиот, кој може да биде Друг заради родот, етносот, хендикепот, културата, изгледот, религијата, потеклото итн. можат да генерираат и стимулираат насилство од најразличен вид. Ваквите податоци укажуваат на потребата од покренување на прашањата за односот кон другиот, за релациите и начините на комуникација, за начините на разрешување на конфликтите, стереотипите и предрасудите како важни аспекти кога зборуваме за насилното однесување. Во таа насока потребно е воспоставување

на програми кои ќе се темелат на почитување на различностите, емпатија и критичко размислување наместо на дисциплинирање и контрола.

# Препораки

- Заедничко дефинирање на насилното однесување за да може да се оствари дијалог за креирање на превентивни активности и активности за справување со насилното однесување.
- Преземање одговорност и учество на сите членови на училишната заедница во креирањето и спроведувањето превентивни мерки и мерки за справување со насилното однесување.
- Воспоставување национална политика, процедури и механизми за превенција и справување со насилството во училиштата.
- Развивање училишна политика, процедури и протоколи за превенција и справување со насилното однесување.
- Отворање на темата за родово основаното насилство, сексуалното вознемирување и злоупотребата кои сѐ уште табу-тема во училиштата.
- Промовирање знаење и вештини за ненасилство.
- Спроведување активности и програми за запознавање и почитување на различностите, соработка и заеднички активности меѓу учениците од различни групи.
- Поголема соработка на училиштата со локалната заедница, други институции и организации, со цел овозможување целосна општествена грижа и заштита на правата на децата.

# Користени извори


**[1]** *Училиштe по мерка на детето*, експертска група МОН и УНИЦЕФ, 2006

**[2]** http://www.unicef.org/protection/index_violence.html

**[3]** http://www.unicef.org/magic/media/documents/CRC_macedonian_language_version.pdf

**[4]** Блажева, А. и Чонтева, Ж. (2008). *Спречување на насилството кај средношколците во Градот и градење меѓусебна доверба*. Алгоритам Центар: Скопје

**[5]** *Violence against Children, United Nations Secretary-General's Study,* www.unviolencestudy.org/

**[6]** *Меѓународна студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата од училишна возраст во Македонија (2009)*. www.cpca.org.mk

**[7]** *World report on Violence and Health,* www.who.int/violence_injury_prevention/violence/world_report/en/index.html

Заеднички проект на Обединети нации
за Превенција на домашното насилство
поддржан од УНИЦЕФ, финансиран од
Холандската влада

unicef

Биро за развој на образованието
на Република Македонија

Алгоритам центар